# ПРАВИЛНИК

ЗА ЧЛЕНСТВО ВО АКАДЕМИЈА АЛЕКСАНДРО ЗА СЕЗОНА 2024/2025

1. **Месечната членарина изнесува 1600 денари за два тренинзи неделно. Во зависност од потребите и можностите, можна е реализација на дополнителни тренинзи.**
2. **Месечната членарина се плаќа во тековниот месец, на платежната сметка на Академија Александро.**
3. **Во случај кога детето не посетило ниеден тренинг во месецот, членарината ќе изнесува 50%.**
4. **Членарината за второ дете од исто семејство е намалена за 30%.**
5. **Секое дете треба задолжително да поседува важечко лекарско уверение за време на посетување на тренинзи. Лекарските уверенија за оваа возраст важат 4 месеци.**
6. **Во случај на нарачување на опрема, истата се плаќа при нарачување, а не при преземање. Времето на испорака зависи од фирмата која ги изработува.**
7. **Во случај кога детето не може да присуствува на натпревар кој е закажан, задолжително да се известат тренерите најдоцна до денот пред натпреварот, освен во непредвидени ситуации.**
8. **При одигрување на натпревари организаторот најчесто наплаќа за користење на теренот. Износот е во зависност од теренот и организаторот и за истиот ќе бидете навремено известени. .**
9. **Да се почитува времето на почеток на тренинзите и на натпреварите.**

**АВГУСТ, 2024**